Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за утврдување на заедничко дејствување согласно Законот за преземање на акционерските друштва, од времен карактер објавен во „Службен весник на РМ“ број 33/2014.

Бр. 03-529/3
12 мај 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

---

**2409.**

Врз основа на член 184 став 1 точка б) и член 190 став 3 од Закон за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на 12.5.2014 година го донесе, следниот

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ПРАВИЛНИЦИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БР. 4/2002, 37/2002, 36/2007, 67/2010 И 35/2011)**

Член 1

Со донесувањето на овој Правилник престануваат да важат следните правилници кои произлегуваат од Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/2002, 37/2002, 36/2007, 67/2010 и 35/2011):

1. Правилникот за формата и содржината на полномошното за гласање за поединечни работи на седница на собранието на акционери на акционерското друштво („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/2002);
2. Правилникот за содржината на извадокот од проспектот за откуп на хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2002) и
3. Правилникот за деталната содржина, начинот и роковите за објавување на известувањата за деловни настани кои би можеле да имаат значително влијание на цената на хартиите од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.73/2002).

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 03-809/1
12 мај 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**2410.**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12 и 170/13), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец април 2014 година, во однос на месец март 2014 година, изнесува 100.

2. Исплатата на платите за месец април 2014, во однос на месец март 2014 година, работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

Заменик министер,
**Ибрахим Ибрахими,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2014 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2014081